Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ЗА ВРЕМЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ – ОКТОМВРИ 2025



*Изработката на овој извештај е финансирана од Европската Унија во рамките на проектот „Мониторинг на говорот на омраза – гаранција за демократски избори" спроведуван од Хелсиншки комитет за човекови права – Скопје. Содржината на овој документ е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и организациите спроведувачи на проектот „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2."*

Во периодот од 1 до 31 октомври 2021 година, кој ги опфати првиот круг на локалните избори одржан на 17 октомври и вториот круг одржан на 31 октомври 2021 година, беше забележано значително зголемување на говорот на омраза во јавниот и онлајн простор. Во споредба со претходниот мониторинг период, обемот на регистрирани случаи на говор на омраза беше повеќе од двојно зголемен. Во текот на овој период се евидентираше изразена ескалација на говорот на омраза меѓу двете најбројни етнички заедници – македонската и албанската, како и појава на говор на омраза насочен кон припадниците на Ромската заедница.

Во текот овој месец 2025 година, на Веб-платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно 107 случаи од кои 50 (35%) врз основа на етничка припадност и 35 случаи (24%) по национална припадност и 29 случаи (20%) политичка припадност, 9 (6%)случаи поради сексуална ориентација и родов идентитет и 8 случаи (6%) поради пол и род кои содржат елементи на говор на омраза, поттикнување и повикување на дискриминација и вознемирување.

# Графички приказ на состојбата со говорот на омраза во октомври 2025 година.



Дополнително, зголемената политичка и општествена поларизација, особено во деновите што му претходеа и следеа по изборните кругови, се манифестираше преку чести меѓусебни квалификации како „предавници“ и „патриоти“. Ваквите наративи значително придонесоа кон пораст на говорот на омраза по основ на политичко уверување и создадоа засилена атмосфера на нетолеранција и поделби во јавниот дискурс.

## Дел од случаите регистрирани на платформата www.govornaomraza.mk









Во текот на октомври, навивачката група „Балисти“, по победата на фудбалската репрезентација на Албанија над Србија, организираше прослави кои беа проследени со ширење говор на омраза врз основа на етничка и национална припадност. Поради ваквите појави, Хелсиншкиот комитет поднесе соодветна пријава до Министерството за внатрешни работи.




Линк видео од фејсбук: https://www.facebook.com/reel/1352372899795756

## ***Заклучоци***

- **Драстично зголемување на говорот на омраза**

Вомесецот на локалните избори е регистрираноповеќе од двојно зголемување на говорот на омраза во однос на претходниот период, што укажува на силно влијание на изборните процеси врз онлајн и офлајн комуникацијата.

- **Етничката поларизација е доминантна**

Најголем дел од говоротнаомраза е насочен меѓу македонската и албанската заедница, со дополнителни зголемени напади кон Ромската заедница. Ова ја потврдува високата чувствителност на меѓуетничките односи во време на политичка мобилизација.

- **Спортските настани како катализатор на националистички искази**

Случајот сонавивачката групаБа„листи“покажува декаспортските настани често се користат за ширење навредливи и националистички пораки, со потенцијал да предизвикаат дополнителни тензии.

- **Институционален одговор е потребен и важен**

ПоднесенатапријаваодХелсиншкиот комитетукажувана потребата за активен институционален пристап во спречување и санкционирање на говорот на омраза.

## ***Препораки***

- **Засилен мониторинг за време на изборни процеси**

Изборнитепериоди се високоризичниибараатпоинтензивно следење на онлајн просторот од страна на граѓански организации и институции.

- **Проактивни кампањи за намалување на меѓуетничките тензии**

Потребни се јавни кампањи за промовирање на толеранција и заедништво, со фокус на младите, навивачки групи и онлајн заедниците.

- **Посилна реакција од институциите**

Министерството за внатрешни работии Јавното обвинителство да постапуваат побрзо и поефикасно по пријави за говор на омраза, со јавна транспарентност за постапките.

- **Унапредување на законските механизми**

Разгледување наизменикоиќе овозможатпостроги санкции за организирани групи и повторувачи, особено кога говорот на омраза е насочен кон заедници со историски ранлив статус.

- **Едукација на медиумите и политичките чинители**

Потребнисе работилници и кодекси заоднесувањеза медиумите, политичарите и партиските активисти со цел да се намали користењето на поларизирачка и запаллива реторика.

- **Инклузивни програми за работа со навивачки групи**

Развивањепрограмизаспортскакултураненасилнонавивање и градење позитивни навивачки пораки за да се намали ризикот од националистички испади.